До
Наставно - научниот совет на
Факултет за образовни науки
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

**П Р Е Д М Е Т:**

ОДГОВОР на Приговор кон **Рефератот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**, објавен во Универзитетски билтен, број 160 од 15.12.2015 година.

Во Универзитетски билтен, број 160 од 15.12.2015 година на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип беше објавен рефератот за избор на д-р Ирена Китанова во наставно - научно звање доцент на Факултетот за образовни науки. На ден 21.12.2015 под број 0401-31-14 е доставен документ под наслов Приговор кон Рефератот за избор на наставник во сите звања за наставно - научните области методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, објавен во Универзитетски билтен, број 160 од 15.12.2015 година, поднесен од група редовни професори од УГД - Штип (анонимна група) со датум од 17.8.2015 доставен до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки. Рецензентската комисија во состав проф. д-р Даниела Андоновска - Трајковска, претседател, проф. д-р Снежана Јованова Митковска - член и проф. д-р Снежана Мирасчиева – член внимателно го разгледа текстот на приговорот и го констатира следново:

1. Во однос на цитираниот чл.125 од Законот за високо образование, наведен во Приговорот, Комисијата констатира дека овој услов за избор во звање доцент е исполнет што е сосема видливо од нотираните и рецензирани публикации во објавениот реферат;
2. Приговорот од анонимната група на редовни професори од УГД - Штип, Рецензентската комисија во однос на објавениот Реферат го смета за неоснован, бидејќи во текстот се повикува на Реферат објавен на 15.12.2015 година, а Приговорот го пишува на 17.8.2015 година што говори за несериозноста и неоснованоста на наводната група на редовни професори. Впрочем, Конкурсот за избор е распишан на 4.11.2015 година, а Приговорот е пишуван на 17.8.2015 година, што уште еднаш говори за нестручноста и непознавањето на законите во високото образование и тенденциозноста на таканаречената група на редовни професори, доколку постојат.

За трудовите кои наводно не се релевантни за изборот согласно со законот, Комисијата е на мислење како во заклучокот и предлогот од веќе објавениот Реферат, каде што стои „... дека кандидатката значително го надминува вкупниот предвиден квантум на поени за избор во звањето доцент, остварувајќи вкупно 165 поени. ...Комисијата смета дека Ирена Китанова поседува стручни и научни квалитети со што ги исполнува условите за избор во наставно - научно звање доцент“.

**Врз основа на гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки да го ОТФРЛИ Приговорот како неоснован и да го земе предвид заклучокот и предлогот на Комисијата изнесен во Рефератот, во целост даден во текстот што следи.**

**Заклучок и предлог на Комисијата изнесен во рефератот од Универзитетски билтен бр. 160 од 15.12.2015 година.**

Согласно со член 36 од Законот за високо образование на Република Македонија и членовите 8, 9 и 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во

наставно - научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник број 31 од 16.5.2014 г.), по деталното разгледување на приложената и доставена документација, Рецензентската комисија констатира дека асс. д-р Ирена Китанова значително го надминува вкупниот предвиден квантум (НО+НИ+СА) (15 поени од наставно-образовна дејност, 136 од научноистражувачка и 14 од стручно-апликативна дејност) на поени за избор во звањето доцент, остварувајќи вкупно 165 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно - образовна дејност, научноистражувачка, стручно-апликативна и организацско-развојна дејност, Комисијата смета дека д-р Ирена Китанова поседува стручни наставно-научни квалитети, со што ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање доцент од наставно-научната област методика и образование на наставници.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да ја избере кандидатката д-р Ирена Китанова во наставно - научното звање доцент од областите методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Ш т и п
23.12.2015 г.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**
Проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска
Проф. д-р Снежана Јованова Митковска
Проф. д-р Снежана Мирасчиева